РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 13.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3380/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска радиодифузија, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Тони Јаревски

Предлагач: група на пратеници

Предлог на закон
за изменување на Законот за основање  на јавно претпријатие Македонска радиодифузија, по скратена постапка

Скопје, мај 2026 година

## ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија во членот 14 се уредуват критериумите за избор на директор и заменик директор на јавното претпријатие.

Во практиката законски предвидените услови се покажа како ограничувачки и нецелосно усогласени со современите принципи на еднаков пристап до јавни функции и можности на пазарот за стекнување на релевантно искуство. Ова значително го стеснува кругот на лица кои можат да конкурираат и истите да бидат избрани. Усогласувањето на потребата работното искуство да биде исклучиво во областа на радиодифузијата или електронските комуникации се покажа како доста рестриктивно со што се исклучуваат квалитетни кадри со менаџерски способности кои би можеле да ја предводат институцијата. Со предложените измени се овозможува поголема конкуренција во изборот на раководните функции на институцијата со што би се обезбедило поефикасно и поквалитетно управување со Јавното претпријатие “Македонска радиодифузија”.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел со измената на законот е да се овозможи поширок и пофлексибилен пристап при избор на лица кои се компетентни за вршење на функцијата директор, односно заменик директор на јавно претпријатие “Македонска радиодифузија”.

Законот се заснова на еднаков пристап до јавни функции, начело на професионалност и компетентност, начело на недискриминација и еднакви можности, начело на ефикасност и функционалност во работењето на јавното претпријатие.

Со измената на овој услов се овозможува поголема отвореност, конкурентност и секако поефикасен избор.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска радиодифузија не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на закон за изменување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска радиодифузија по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА

Член 1

Во Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија (,,Службен весник на Република Македонија “ број 6/1998, 98/2000 и 48/2009 и ,,Службен Весник на Република Северна Македонија” број 143/19, 152/19 и 144/2025), во членот 14 став 4 точка 4) зборовите: „во областа на радиодифузијата и електронските комуникации“ се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен Весник на Република Северна Македонија”

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија е систематизиран во 2 члена.

Со членот 1 се изменува член 14 став 4 точка 4) во делот на потребното работно искуство.

Со членот 2 се регулира влегувањето во сила.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Последиците кои произлегуваат од предложеното решение во однос на измената на работното искуство кое впрочем по години останува непроменето односно 5 години и истото се менува само во однос на укинување на ограничувањето стекнатото искуство од 5 години да биде стекнато во областа на радиодифузијата и електронските комуникации е категорична предност бидејќи последиците се однесуваат директно и ги засегаат лицата кои имаат соодветни квалификации а не поседуваат искуство во наведената област.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА

Член 14

Со работата на Јавното претпријатие раководи директор кој го избира и разрешува Управниот одбор.

Управниот одбор на Јавното претпријатие избира и разрешува и заменик директор.

Директорот и заменик директорот се избираат за време од четири години.

За директор на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови и тоа:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство во обласа на радиодифузијата или електронските комуникации и

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода,
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и/или
- сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на услуга.

Постапката на избор на директорот поблиску се уредува со Статутот на Јавното претпријатие.

Ставовите 4 и 5 се однесуваат и на заменик директорот.